ОПТИНА НЕГОТИНО
СОВЕТ НА ОПШТИНА
Бр.07-585/28
27.10.2005 год.
НЕГОТИНО

Врз основа на член 21 став 2 од Законот за угостителска дејност („Сл.весник на РМ“ БР.62/04 ) и член 20 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.6/03) Советот на пштона Неготино на седницата одржана на 27.10.2005 г. донесе

***ОДЛУКА***

**За утврдување на висината на надоместокот за издавање на лиценца за вршење на угостителски услуги**

***Член 1***

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот за издавање на лиценца за вршење на угостителски услуги.

***Член 2***

Висината на надоместокот за добивање на лиценца за давање на угостителски услуги за .

- Кабаре – висината на надоместокот изнесува 4.000 Евра во денарска противредност.
- Ноќен Бар – висината на надоместокот изнесува 5.000 Евра во денарска противредност.
- Диско клуб и Диско клуб на отворен простор – висината на надоместокот изнесува 7.500 Евра во денарска противредност.

***Член 3***

Надоместокот од член 2 на оваа Одлука се уплатува 50% на сметка на општина Неготино, а 50% на сметка на Буџет на Република Македонија во денарска противредност според средниот курс на Народна Банка на РМ на денот на уплатата.

***Член 4***

Лиценцата која се издава за вршење на овие угостителски услуги важи за период од една година и не може да се пренесува.

***Член 5***

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Неготино“.

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Горан Ангелов**

ОПШТИНА НЕГОТИНО
Совет на општина
Бр. 07- 452/3
02.09.2005 год.
Н е г о т и н о

Врз основа на член 36, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) , член 6 став 4 , член 16 став 3 и член 22 став 2 од Законот за даноците на имот („Службен весник на РМ“ бр.61/04) и член 20 став 1 точка 5 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино “ бр.6/03), Советот на општина Неготино на седницата одржана на 02 .09.2005 година, донесе

# ***О Д Л У К А***

**За утврдување на висината на стапките на даноците на имот во општина Неготино**

***Член 1***

Со оваа Одлука се утврдува висината на стапките за пресметување на данокот на имот, данокот на наследство и подарок и данокот на недвижности , во рамките утврдени со Законот за даноците на имот .

***Член 2***

Висината на стапката за пресметување на данокот на имот на подрачјето на општина Неготино, како изворен приход на општина Неготино , изнесува 0,1% .

Висината на стапката за пресметување на данокот на имот на земјоделско земјиште , на подрачјето на општина Неготино, што не се користи за земјоделско производство, изнесува 0,3%.

***Член 3***

Висината на стапката за пресметување на данокот на наследство и подарок, како изворен приход на општина Неготино, за обврзник од втор наследен ред изнесува 3%, а за обврзник од трет наследен ред или обврзник кој не е во сродство со оставителот или дародавачот, изнесува 5%.

***Член 4***

Висината на стапката за пресметување на данокот на промет на недвижности на подрачјето на општина Неготино, како изворен приход на општина Неготино, изнесува 3% .

***Член 5***

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Неготино“.

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Горан Ангелов**

ОПШТИНА НЕГОТИНО
СОВЕТ НА ОПШТИНА
БР. 07- 452/4
2.09.2005 ГОД.
НЕГОТИНО

Врз основа на член 2 став 2 од Законот за комунални такси („Сл.весник на РМ“ бр.61/2004), член 36 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 20 став1 точка 5 од Статутот на општина Неготино („Сл.глсник на општина Неготино“ бр.6/2003) , Советот на општина Неготино на седницата одржана на 2.09.2005 година, донесе

## ***О Д Л У К А***
## **За висината на комуналните такси во општина Неготино**

### *Член 1*

Со оваа одлука се утврдува висината на комуналните такси во општина Неготино, во рамките утврдени со Законот за комунални такси.

### *Член 2*

Висината на комуналните такси определени со законот за одделни тарифни броеви, се утврдува на:

| Тарифен број 1 | износ во денари |
|---|---|
| За фирма, односно назив на: | |
| А) деловните простории на физичките лица кои вршат дејност | 2.700,оо |
| Б) Деловните простории на физичките лица кои вршат дејност, а данокот го плаќаат во паушален износ | 500,оо |
| В) Деловните простории на трговските друштва и другите правни лица од областа на производството, прометот и услугите, освен за продавници киосци и деловни единици | 6.000,оо |
| и слично за кои таксата изнесува | 2.000,оо ден. |
| - Деловни простории на правни лица од комуналните дејности | 3000,оо |

- Деловни простории на трговските друштва и другите правни лица, како и на откупните пунктови кои дејствувaa повремено. 4.000,оо

Тарифен број 2

За користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба – дневно 20,оо

Тарифен број 3

За користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејнсот од м2 дневно.... 15,оо

Тарифен број 4

За истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места и тоа:

- до 7 ( седум) дена 800,оо
- до 3о (триесет) дена 1300,оо
- до една година 6[illegible]

Тарифен број 5

За користење на музика во јавни локали – годишно 6700,оо

Тарифен број 6

За поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории годишно и тоа:

- за физички лица кои вршат дејност 1200,оо
- за правните лица од областа на производство прометот и услугите 2400,оо

Тарифен број 7

За користење на плоштадите и друг простор во градовите и другите населени места со цел изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби за вршење на дејност, за заземена површина од м2 дневно 7,оо

Тарифен број 8

За користење на просторот за паркирање на моторни возила:

| | |
|---|---|
| паркирање на патнички возила на јавни паркиралишта-дневно | 30,оо |
| - по саат | 10,оо |
| - паркирање на товарни моторни возила и автобуси – дневно | 100,оо |
| - паркирање на приколки – дневно | 50,оо |

Тарифен број 9

За користење на улиците со патнички, товарни , моторни возила, автобуски, специјални возила и мотороцикли итоа:

| | |
|---|---|
| - За патнички возила до 1000 кубика | 50,оо |
| - за патнички возила од 1000 до 1300 кубика | 80,оо |
| - за патнички возила од 1300 до 1500 кубика | [illegible] |
| - за патнички возила од 1500 до 1800 кубика | 400,оо |
| - за патнички возила над 1800 кубика | 600,оо |
| - за товарни возила по тон носивост | 100,оо |
| - за автобуси и други возила што служат - за превоз на патници | 500,оо |
| - за специјални возила | 50,оо |
| - за сите видови моторцикли | 50,оо |

Тарифен број 10

За користење и одржување на јавно осветлување се плаќа комунална такса во висина од 15 КВЧ по цена за јавно осветлување за секое броило за мерење на електрична енергија.

***Член 3***

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на Објавувањето во „Службен гласник на општина Неготино“.

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Горан Ангелов**